Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување(„Службен весник на РМ“бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 216-та седница одржана на ден 29.04.2021 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-209/6-2
29.04 2021 год.
СКОПЈЕ

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Во постапката за извршување извршителот може да го промени средството за извршување по барање на доверителот. Во таков случај ризикот од промената на средството за извршување при одлучувањето по правните лекови од страна на судот го сноси доверителот.

*Образложение*

Законот за извршување (ЗИ) во своите одредби не ја уредува можноста во текот на постапката за извршување да биде променето средството за извршување, ниту пак таквата можност изрично ја забранува. Во членот 10 став 1 од ЗИ е пропишано дека при спроведување на извршувањето сообразно се применуваат одредбите на Законот за парничната постапка (ЗПП), ако со овој или со друг закон поинаку не е определено. Согласно *начелото на економичност* уредено со одредбата од членот 10 став 1 од ЗПП, кој се применува и во постапката на извршување, е предвидено дека судот (читај:извршителот) е должен постапката да ја спроведе во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи злоупотребата на правата што на странките им припаѓаат во постапката. Ова особено доаѓа до израз во случај кога избраното средство за извршување очигледно не вродува со „плод“, односно е неефикасно и не ја остварува целта на правото.

Начелото на економичност претставува едно од основните начела во граѓанските судски постапки, од кои зависи квалитетот на давањето на правната заштита. Според ова начело судот, односно извршителот е должен да настојува постапката да ја спроведе без одолговлечување и со што помалку трошоци. Правниот промет бара брзо решавање на споровите, но и брза и ефикасна реализација на извршните исправи врз основа на кои се остварува правото и правдата, за секој да си го добие заслуженото *(suum quique tribuere)*. Одолговлечувањето на постапката за извршување, особено кога првично избраното средство за извршување е неефикасно, несоодветно и не ги дава очекуваните резултати, може да му нанесе штета на доверителот*(lucrum cesans)*. Поради тоа, економичното постапување и изборот на адекватното средство за извршување е од големо значење во постапката за извршување кое е во интерес на остварувањето на правата на доверителот.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, со оглед дека се што според Уставот и законите не е забрането е дозволено, извршителот може во текот на постапката за извршување на барање на доверителот да го промени првичното средство за извршување, особено во случај кога не дава никакви очигледни резултати, кога тоа е неефикасно и создава големи трошоци во постапката за извршување. Притоа, извршителот е должен да му го предочи на доверителот ризикот од носењето на поинаква одлука на судот по однос на новото средство за извршување во постапките по правните лекови.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Ванчо Марковски

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com